**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 27-04-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 1798 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен
2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар
3. **Период опфатен со надзорот:** 11 април 2022 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 април 2022 година
5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 10 март 2022 година, за непочитување на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка - јавна опомена (Уп1 бр. 03-76 од 10 март 2022 година) на Трговското Радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението (14.03.2022 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, емитуван на 11 април 2022 година, на локално ниво, **констатирано е дека радиодифузерот**

**делумно постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена, односно ја отстранил извршената повреда на членот 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, но продолжи со вршење на повредата на членот 92 став 1 од Законот** (*Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела).*

Со надзорот е констатирано дека на 11 април 2022 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, емитуваше 4 часа 1 минута и 22 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **22.67%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (17 часа 44 минути и 45 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 11 април што влегува во пресметка за изворно создадена програма (17:44:45), е 5 часа 19 минути и 26 секунди. Телевизија Г-ТВ емитуваше за 1 час 18 минути и 4 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, на 11 април 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

**9. Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 10.03.2022 година, Трговското Радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар не ја отстрани повредата, односно продолжи со прекршување на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- **Во согласност со член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата да поведе прекршочна постапка.**

***Сектор за програмски работи***